**Известување за концентрација со која ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске storitve, д.о.о., Словенија стекне единствена контрола врз ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар, Република Србија**

**(предмет бр. 08-165 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 20.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске storitve, д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 119, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена контрола врз ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар со регистрирано седиште на Јужни булевар 101, 11000 Белград, Србија, по пат на купопродажба на удели.

- **ГЕН-И СОНЦЕ, енергетске storitve, д.о.о**. е дел од групацијата на компании ГЕН-И ("**ГЕН-И Груп**"). ГЕН-И Груп, која се состои од ГЕН-И, трговија и продажба на електрична енергија, д.о.о. (*GEN-I, trgovanje in prodaja električne energije, d.o.o.*) и неговите 24 контролирани субјекти, е еден од најбрзо растечките и најиновативните играчи на европскиот енергетски пазар. Групацијата работи во повеќе од 20 европски пазари, од Франција на запад до Турција на исток.

Меѓународните активности се управувани од Словенија, при што зависните друштва се обезбедени со сета потребна инфраструктура за учество на локалните и меѓународните енергетски пазари. Затоа ГЕН-И Груп ја одржува својата водечка улога како регионален трговец на енергетскиот пазар, како и водечки снабдувач и промотор на зелената трансформација во Словенија.

ГЕН-И Груп има три зависни друштва во Северна Македонија:

- **ГЕН-И Кав Сонце ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, ЕМБС 7607172, регистрирана дејност-производство на електрична енергија од обновливи извори;
- **ГЕН-И Продажба на енергија ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, регистрирана дејност- трговија со електрична енергија, и
- **ГЕН-И Сонце ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 15 А/1 Скопје – центар, регистрирана дејност- производство на електрична енергија од обновливи извори.

**-ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар** е инвеститор (носителот на проектот) во изградбата на две соларни централи во Србија, лоцирани во Бачинци, Општина Шид, Војводина: СЦ Бачинци 1 и СЦ Бачинци 2. ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар планира да ги изгради, одржува и да стопанисува со фотоволтаичните централи СЦ Бачинци 1 и СЦ Бачинци 2.

ФВ ПЛАНТ 2 друштво со ограничена одговорност Белград-Врачар нема корпоративно присуство во Северна Македонија, ниту генерира промет во Северна Македонија.

Релевантен пазар

Предложената трансакција се однесува на пазарот за производство и големопродажба на електрична енергија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

21.11.2025 година

Скопје